УДК. 904(497.774/.775)"02/05"

Стевче ТОДОРОВСКИ

# ГРАДБИ И ГРАДОВИ ВО ПЕЛАГОНИСКАТА РЕГИЈА ВО ДОЦНАТА АНТИКА



*С. Црнобуки, "Петрово Ритче", основа на вила рустика од доцноантичкиот период*

На локалитетот *Рупа*, на 0,6 км североисточно од село Мојно, Битола, на теренот се гледаат десетина градби на куќи. Основата на овие куќи е квадрат со ориентација североисток - југозапад. Ѕидовите се доградени со кршен камен, без употреба на вар. Видливи се и темелите од една обична куќа што се состоела од една централна просторија и две помали простории кои служеле како визба. Над визбите имало кат каде што биле сместени спалните соби. Куќата била покриена со ќерамиди. И основата на куќата најдена во с. Мојно,[1] која е откриена целосно, со ѕидови од кршен камен и квадратна основа, без употреба на вар, е со значително дебели ѕидови. Солидно е ѕидана иако е пронајдена во отворено селце (viculus). Гледаме една добро сочувана доцноантичка куќа од VI век. Не можеме воопшто да ја споредиме со асиметричните, варварски, порозно градени куќи од камен и кал во *Хераклеја Линкестис*. Не е прикажано дали се пронајдени покривни ќерамиди (inbruces). Значи едно село, со прецизна датација, по монетите на Аркадиј, Маврикиј и Анастасиј, има посолидна градба од т.н. "микростанбена целина"[2] во *Хераклеја*, а на сето тоа градот бил епископско седиште. Микулчиќ нагласува за високиот селски комфор, особено квалитетот на градбата, спротивно од *Хераклеја* каде што нема воопшто естетика, било градено набрзина, без никаков комфор со несфатливо "ниска" градежна техника. Во месноста "Петрово Ритче" кај с. Црнобуки, на 50 м од патот за с. Лисолај, зад "*Калуѓерски Дол*" во 1961 год. се пронајдени темели од камен, без малтер, широки 45 - 55 см. Оваа градба имала 5 простории кои се познаваат на теренот. Најверојатно се работи за villa rustica. Пронајдена е и доцноримска грнчарија, тегули.[3]
Кај месноста *Пештерица,* која се наоѓа околу 7 км североисточно од Прилеп, е пронајдена една villa rustica.[4] Вилата е комплекс на целини, споени една до друга, но секоја со посебна намена и посебни влезови.[5] Постои и терма со мал базен, а имало и базен за гмечење грозје. Постојат повеќе фази на градба. Почетната е од кршен камен и малтер, а подоцнежните преградувања се со камен и кал. Претпоставка е дека вилата е изградена во III век, а егзистирала до IV век.[6]

[1] И. Микулчиќ, *Непознат антички град кај Мојно*, ГЗФФ Т. 22, Скопје 1970, 326.
[2] Т. Јанакиевски, *Доцноантичка микростанбена целина врз римскиот театар во Heraclea Lyncestis*, МАА 3, Прилеп 1977, 71-98.
[3] Материјалот е отстапен од И. Микулчиќ.
[4] В. Babić, *Pešterica, Oreovec, Prilep - kasnoantička vila i nekropola*, AP 7, Beograd 1965, 131-133.
[5] К. Кепески, *Villa Rustica во Пештерица кај Прилеп; Северозападната некропола во вилата рустика во Пештерица кај Прилеп*, МАА 2, Прилеп 1976, 143.
[6] Ibidem, 145 -146.

Во близина на село Претор, Ресен, се откриени траги од станбена архитектура, чии ѕидови биле сочувани до 50 см висина од темелната стопа.[7] Во текот на ископувањата се откри систем за загревање. Хипокаустите биле изведени од ќерамички плочки. Оваа градба претставува доцноантичка villa rustica. Нејзините подови биле со мозаици кои насилно биле уништени. Градена била од кршен камен и речни камења поврзани со варов малтер. Датира од доцната антика.[8]

Општа констатација е дека засега знаеме за 4 типа куќи: селски, villa urbana, villa rustica и градски комфорни куќи

Непознат византиски писател (anonim. Bizant) од VI век, кој бил воен стручњак, своето дело го посветил на воената тактика и воените справи. Патем пишува крајно сериозно како се градат и утврдуваат градови во доцната антика, и тоа оди вака: - Карактерот на местоположбата (добри услови за одбрана, ридно место, возвишение со стрмни страни, место заштитено со река, можности за земјоделство во околината и сл.); - Во околината да има вода за пиење; - Доволно количество камен и дрвена граѓа.[9]

Ова вековно искуство што го практикувале луѓето, ни го остави во запис овој непознат автор. Така започна обновувањето на старите утврдувања на градовите во рановизантискиот период. Тие можеле целосно да ги следат барањата на современите фортификации, одбирани се доминантни места, а понатаму целиот процес оди во фаза на комплетно планирање. Местото мора да е на припек, како што е *Хераклеја Линкестис*. Сонцето удира од југ, од север му е грбот, а од ридовите се гледа целата рамнина. Местото зиме сосема малку држи снег, југот веднаш го топи, за разлика од денешното централно градско подрачје, кое е со енормно ладна, константна температура во текот на целата зима. Луѓето во минатото, местата за живеење ги одбирале по инстинкт, почитувајќи ги природните фактори: вода, воздух, сонце. Иако *Хераклеја Линкестис* е само 2 км на југ од Битола, двата рида, Тумбе Кафе и Калето над градот Хераклеја, создале простор на микроклима со крајни погодности за здрав живот. Градот Хераклеја опстојувал и во средниот век со ново име - Битола.[10]

Рановизантиската архитектура, по содржината градот го прави како центар за одбрана на регионот и тој самиот си создавал сопствена фортификација. Градот бил единствената заштита за околните отворени и затворени села - сигурна заштита од варварските наезди бил градот. Кулите, ѕидовите, вратите, рововите, подградијата, сè било вклучено во функција за полесна, дефанзивна одбрана на градот. Градот е место каде што се одвивале занаетчиството, трговијата и некакво образование. Воопшто, култура. Градот бил поделен на горен, долен и подградие. Во горниот дел на градот била сместена црковната управа - воено-административниот апарат. На понисаката тераса е долниот град. Заштитен е со цврсти бедеми, овде се трговците и занаетчиите. Воедно, тие покрај што го опслужуваат населението се грижат и за војската од горниот град. Тука се и црквите со раскошни ентериери, мозаици и релјефи. Надвор од обѕидието било подградието. Овде доаѓале да живеат сиромасите, луѓе без земја, пропаднати занаетчии и луѓе со сомнителен морал. Во *Хераклеја* подградието било густо населено. Од другата страна на Сива Вода, на југ се забележуува еден ѕид што личи на протеихизма. Во суштина не е баш во вистинската смисла на зборот, бидејќи начинот на градење е без употреба на малтер. Најверојатно со ископување би се открила вистинската функција. Растуреното подградие останувало без заштита. По нападите на Аварите, Словените, во VI век градовите замираат. Дури во VIII век, на почеток на IX век постепено оживува градскиот живот. Во прво време градителството во нив го изведува војската.[11] Со нив доаѓаат занаетчиите, трговците, образованието (религијата). За *Хераклеја* не можеме да го прифатиме мислењето дека од готов град, Словените требало да изградат нов. Во науката стои ставот дека доцноантичките градови претставуваат континуитет на средновековните.[12]

Во доцноантичкиот период почнале да се трансформираат раноантичките градови - polis во доцноантички кастрон. Неговото постоење е сè до доцниот среден век.[13] Од доцната антика во целиот регион постоеле градовите *Хераклеја Линкестис, Пелагонија, Никеа* (кај Доленци),[14] *Антанија* кај Зовиќ.[15]

---

[7] V. Bitrakova, *Pretor, Prespa - kasnoantička arhitektura*, A.P. 9, Beograd 1967, 118.

[8] В. Битракова, *Археолошките истражувања во Преспа во 1967/68 година*, МАА 9, Скопје 1988, 187.

[9] В. Велков, *Градът в Тракия и Дакия през късната античност IV -V в.*, София, 1959,177.

[10] С. Тодоровски, *Археолошки наоди од среден век во ареалот на Битола*, Скопје 2002, 61.

[11] Г. Л. Курбатов, *Основые проблемы внутреного развития византийского города в IV -VII в.*, Ленинград, 1972, 75.

[12] И. Микулчиќ, *Средновековни градови и тврдини во Македонија*, Скопје 1996, 23.

[13] И. Микулчиќ, *Антички градови во Македонија*, Скопје 1999, 13.

[14] Ibidem 330 -331.

[15] Ibidem 331 -332.

- ***Хераклеја Линкестис*** е најистражена и најмногу репрезентирана во јавноста. Во доцната антика многу антички типови на градителство ги снемува: театри, гимназиони, портици, храмови на пагански божества, некои биле преправани во цркви, некои добивале нова намена или, едноставно, ги снемувало. Но сепак некои градби ја сочувале првобитната функција, како на пример термите во *Хераклеја*. Тие се мали и ги нема сите оние сали што ги има во мегаполисите на Римската Империја.

За нас е интересен еден податок, кој ќе се обидеме да го разјасниме, а го запишал историчарот Малх, кој ни зборува за случката помеѓу епископот и Теодорих во 479 год. Иако епископот му испратил разни дарови на Теодорих, тој ја запалил и разурнал *Хераклеја*.[16] Растењето на моќта на епископите не се случило во 505 година со одлуката на царот Анастасиј,[17] тоа било претходно. Епископот се јавувал како судија и духовен застапник на локалното население. Секој град морал да има свој епископ.[18]

Комплетното префрлување на должностите на епископите ги дал Јустинијан во 535 година и им забранил на намесниците да поставуваат свои претставници. Во 538 година на епископите им дава комплетно управување со провинциите. Уште во 545 година им дава право да го контролираат и данокот.[19] Бидејќи *Хераклеја* во околината имала само епископ, сигурно тој бил главен и на помалите гратчиња во околината. Со оваа функција оди и потребата за одбрана на градот. Значи, покрај духовната власт епископот ја имал и световната. Сепак, ваквите новини јасно ни кажуваат за една длабока криза во царството. *Хераклеја* како епископско седиште останува до длабоко во средниот век. Се мисли на натписот од епископот Герасим, лоциран во XIII век.[20] Доцната антика е колепка на христијанството. Многу епископи во католичкото (сеопфатно) христијанство биле учесници на екуменските собири и нивните одлуки биле прифатени во интерес на Црквата. Да го споменеме Бенигнус, епископ Хераклејски - Пелагониски од 553 година.[21]

- ***Никеа*** (Nicea). Во 1928 година, кај село Доленци, Битолско, е откриена римска тврдина.[22] И. Микулчиќ, познавачот на доцноримските градови, смета дека нема потреба населбата да е оддалечена од тврдината. Секаде бил запазаен принципот, каде што е тврдината таму е и населбата.[23] Двете компоненти прават град. Констатираме дека првобитното, најстарото размислување на Никола Вулиќ е најприфатливо.

- ***Антанија.*** Два натписи ни зборуваат за Антанија. Вториот, најден во Стоби, помогна да се лоцира територијата која во раното царско време била врзана за Линк. Градот се наоѓал во Мариово.[24] Градот не е идентификуван, но се смета дека бил лоциран кај манастирот Чебрен.

- ***Пелагонија.*** Забележан е во пописот на Хиероклов синегдим од 526/27 год.[25] како град во провинцијата Македонија II. Значи, на северниот дел од Пелагониската регија. Сè уште не е прецизно лоциран, а се смета дека егзистирал во општина Прилеп. Три локалитети се сметаат за можна локација на Пелагонија: *Кале Дебреште* - с. Дебреште, *Маркови Кули* - с. Варош[26] и *Висока* - меѓу селата Крушевица и Бонче[27]. Со недоволни докази, претпоставките се отворени.

- ***Стари Град - Кале.*** Северна испостава на предворието на Пелагонија. Иако припаѓа на општина Велес, непосреден дел е од нашата тема. Самиот град е со грандиозни димензии. Лежи во близина на истоименото село Стари Град. Во континуитет е на тврдините што се наоѓале на североисточните рабови на Пелагониската Рамнина во Прилепската регија. Го контролирал преминот Мукос, кај Присад и северниот влез кај с. Гостиражни, како и патот што водел од Велес кон Пелагонија.[28]

---

[16] Ф. Папазоглу, *Македонски градови у римско доба*, Скопје, 1957, 193.

[17] Љ. Максимовић, *Северни Илирик у VI веку*, ЗВИ 19, Београд 1980, 41.

[18] Cod. Just. I, ... закон донесен за време на царот Зенон, околу 476 - 480 год..

[19] Ibidem 42.

[20] С. Тодоровски, *Археолошки наоди од среден век во ареалот на Битола*, Скопје 2002, 75.

[21] Ф. Папазоглу, *Македонски градови у римско доба*, Скопје, 1957, 193 - 194.

[22] Н. Вулић, *Антички споменици у нашој земљи*, Споменик САН књ. 71, Београд 1931, 22-23.

[23] I. Mikulčić, Spätantike und Frühbyzantinische Befestigungen in Nordmakedonien, München 2002, 271 - 273.

[24] Ф. Папазоглу, *Македонски градови у римско доба*, Скопје, 1957, 198 - 199.

[25] Hier. Hieraclis Synegdemus, rec. A. Burckhardt, Lipsiae, 1893, 641.5.

[26] И. Микулчиќ, *Антички градови во Македонија*, Скопје 1999, 340.

[27] В. Лилчиќ, *Патот Аударис - Неапол*, МН бр. 29, Скопје 2006, 28.

[28] I. Mikulčić, *Spätantike und Frühbyzantinische Befestigungen in Nordmakedonien*, München 2002, 436 - 438.

Stevče TODOROVSKI

# EDIFICES AND TOWNS IN THE REGION OF PELAGONIA IN THE LATE ANTIQUITY

*Summary*

In the south-west of Republic of Macedonia is located an aloft region of Pelagonia, that far back was a muddy and lake based. With the acts of reclamation which took place in the mid 1920's and continued for sixty years this area in several communities was converted in growing grounds.

The paper is divided into three parts, the first shows the sheltered buildings, *vila rustica* that were located on the shores of the lake or mud surfaces, as locations with fertile land given to the Roman veterans attached with a complete system of building identical with those in the Apennine and the Iberian peninsula. These buildings in the Late Antiquity were added in the large edifices of the Roman Empire and are noticeable also in West Europe. The layout of one of these buildings found at "Petrovo Ritče" near the village of Crnobuki is shown in the paper. The finds discovered by colleagues represent supplement about this thesis and its verification in science, in addition to is necessary to mention the sites: Rupa in the village Mojno, appropriately documented with coins from the Late Antiquity, in the region of Bitola; Pešterica in the region of Prilep, dating to the 3rd and the 4th century; Pretor close to the village Pretor near Resen with a rustic villa with a bath and a mosaic floor.

In the second part of the paper we draw attention to an unknown writer *"anonym bizant"* from the 6th century from the East Roman Empire; he gives descriptions how the towns were erected, about the sites, the infrastructure, as well as the division by town's fortification. Furthermore there is note of the transformation of the Early Antique towns – *polis* in to Late Antique fortresses - *kastroni*.

In the third part of the paper there is review of the Late Antique towns that are part of the region Pelagonia and its vicinity with the Early Antique names, which in the Late Antiquity were lost. In this part we refer to the dominant Christian church and the episcopates that were obligatory for the civil and spiritual life in the East Roman towns like: Heraclea Lynkestis, Nikea, Antania, the unknown Pelagonia and Stari Grad, which does not belong to region but is close by the north side and in present day is close to the municipality of Veles. This town had controlled the transfer from Mukos by Prisat and the north entry near the village Gostražni, as well the road that lead from Veles to Pelagonia.